# НАНДИ
# АНИМЕШ



СОЗТ Универзитетски центар за уметности
ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ ц.о.
СКОПЈЕ

125

БИБЛИОТЕКА:
Косте Цревенковски

НАНДИ АНИМЕШ, како што вели самиот, ја слика најголемата одаја во светот, прекрасна одаја која има само небо и под, без ѕидови. И навистина на неговите платна нема ѕидови. Нема ѕидови помеѓу јавето и сонот, помеѓу желбите и остварувањата, помеѓу возможното и невозможното, помеѓу начелото на разновидноста и начелото на единството. Погледите на човекот со дигната глава кон небото се единствените столбови кои го придружуваат сводот на таа одаја. Погледите на човекот со спуштена глава кон земјата се единствените столбови кои го поврзуваат подот на таа одаја со нејзиниот свод.

Лутаат по таа одаја крвави привиденија со одрана кожа, или стојат скаменети, зошто немаат кеде да се скријат, зошто никаде нема ѕидови. А привиденијата овдека, по правило, се прикажуваат во предмети и суштества, кои ние, во својата кратковидост и самозаљубеност, ги сметаме за најтемелни и најтрајни.

Во таа одаја без ѕидови сè што е внатрешно е надворешно, сè што е надворешно е и внатрешно. И сè е во сè. И сè што со своето постоење ја слави таа врвна стварност, не се плаши од никого освен од самиот себе. Сето тоа се чувствува овде како дома. Како што и НАНДИ АНИМЕШ, сликар од далечната племенита земја Индија се чувствува овде меѓу нас како дома.

ВАСКО ПОПА

БИОГРАФИЈА:

НАНДИ АНИМЕШ роден е 1940 година во Индија.

Еден е од основачите на Здружението на млади уметници во Калкута. Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Калкута во 1961. Завршил Постдипломски студии на Академијита за ликовни уметности во Белград 1967 год. кај проф. Мило Милуновиќ на отсекот Фрески и Мозаик.

Самостојно излагал во Калкута 1962, во Белград 1968, 1969, 1971, во Сараево 1969, во Зрењанин 1972 и Нови Сад 1972.

Групно излагал во Гантока 1958, во Калкута 1961, 62, 63, 64, 65. Во Њу Делхи 1965, во Белград 1966, 67, 69 и во Суботица 1971, 72.

Учествувал на позначајните изложби во Индија и во средбата со Ликовни уметници во Ечка 1971, 72. Студијски патувања обавил во: Стокхолм, Ослло, Копенхаген, Амстердам, Брисел, Лондон, Париз, Штугард, Минхен, Генова, Милано, Рим, Неапол, Фиренца, Венеција' Виена, Прага, Будимпешта, Ленинград, Москва, Софија, Истанбул, Солун, Атина, Каиро и Дамаск.

Сликите му се наоѓаат во приватни колекции во Калкута, Бомбај, Делхи, Белград, Сараево, Загреб, Суботица, Лесковац, Виена, Лондон, Стокхолм, Малме. Упсал, Лос Ангелос, Кембриџ, Токио, Зрењанин и Нови Сад.

Член е на УСА.





КАТАЛОГ:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. ШИВА ЛИНГА И СОНЦЕ | масло | 1972 | година |
| 2. ОГНЕНА СОЛЗА | „ | „ | „ |
| 3. ПОСЛЕ ВОЈНАТА | „ | 1969 | „ |
| 4. СЛУШНАВ, ВИДОВ | „ | „ | „ |
| 5. ФАТАМОРГАНА | „ | „ | „ |
| 6. МЕЛОДИЈА НА ЖИВОТОТ | „ | 1972 | „ |
| 7. НИРВАНА | „ | 1970 | „ |
| 8. МУЗИКА НА УРНАТИНИТЕ | „ | 1968 | „ |
| 9. КОГА ДОАЃА ВЕТРОТ, КОГА ДОАЃА МУЗИКАТА | „ | 1972 | „ |
| 10. СИМФОНИЈА НА БРАНОВИТЕ | „ | „ | „ |
| 11. МАЈЧИНСТВО | „ | „ | „ |
| 12. СЕМЕЈСТВО — ПИЈАН И БОЛНА | „ | 1971 | „ |
| 13. КАЛЕМЕГДАН НОЌЕ | „ | 1970 | „ |
| 14. БАНГЛА ДЕШ — 1971 | „ | 1973 | „ |
| 15. БАНГЛА ДЕШ — 1971 | „ | „ | „ |





ИЗЛОЖБЕН САЛОН НА ЦЕНТАРОТ ЗА КУЛТУРА И
ИНФОРМАЦИИ НА ГРАД СКОПЈЕ — СКОПЈЕ
ОД 5 — 15 II. 1973 ГОДИНА